**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Првото продолжение на Шеесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 3 декември 2007 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,48 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да си ги завземат своите места.

Ги молам службите да го достават точен бројот на присутните пратеници во салата.

Продолжуваме со работа по Шеесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Лилјана Поповска, Данаел Дончев, Борис Кондарко, Никола Ќуркчиев, Лазар Китановкси, Неждет Мустафа, Љубчо Георгиевски, Мирјана Секуловска, Владанка Авировиќ, Мендух Тачи, Арбен Џафери, Флора Кадриу, Александар Николовски и Абдулади Вејсели ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Минуваме на точката 5 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за кривичната постапка, со Предлог на закон.**

Владата на Република Македонија го повлече Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот.

Госпоѓа Силвана Бонева има процедурално, повелете.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседателе, барам подршка од колегите пратеници точките 12 и 13, значи Предлогот на законот за Советот на јавни обвинители и Предлогот на законот за Јавно обвинителство да бидат точки 5 и 6, согласно договорот на политичките партии. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Имате ли подршка од 10 пратеници? (Има)

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 58 пратеници, сите 58 гласаа за.

Според тоа предлогот на госпоѓа Бонева е прифатен.

Точките 12 и 13 стануваат 5-та и 6-та точка.

Продолжуваме со работа.

Сега 12 точка од дневниот ред се води како точка 5.

**Минуваме на 5-та точка - Предлог на закон за Советот на јавни обвинители на Република Македонија.**

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворм претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 57 став 1 и на член 62 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Рафис Алити, Сафет Незири, Аднан Јашари, Тахир Хани Селвије Салију, Азис Положани, Блерим Беџети, Садула Дураку, Ајше Селмани и Зумрете Јакупи, поднесоа амандмани на член 6 алинеја 5 и на член 47, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Ристана Лалчевска поднесе амандман на член 66 алинеја 2, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Цветанка Иванова, Борис Кондарко и Оливер Спасовски поднесоа амандмани на член 6 за менување на алинеја 1 и за додавање на нова алинеја 4 по алинејата 3, член 6 алинеја 5, член 7 став 1, член 8 став 3, член 8 став 5 и на член 57 став 3 по кои Владата не се произнела.

Отворм претрес по амандманот на член 6, за менување на алинеја 1 и за додавање нова алинеја 4 по алинејата 3, поднесен од пратениците Цветанка Иванова, Борис Кондарко и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Маневски, повелете.

**Михајло Маневски:** Владата не го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

За збор се јави господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе, би сакал да ми дозволите оваа деловничка интервенција да ја направиме, согласно определбите на сите политички партии, а и согласно определбите на СДСМ, побрзо да ги завршиме задачите што ни претстојат кон Европската унија и НАТО патот.

Би сакал да ми дозволите во име на пратеничката група да ги повлечеме сите амандмани од СДСМ што се предложени во оваа расправа.

**Љубиша Георгиевски:** Значи ги сметаме за одложени.

Значи, амандманите поднесени од пратеничката група на СДСМ се повлечени.

Отворма претрес по амандманот на член 2 алинеја 6, поднесен од пратеникот Ристана Лалчевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Маневски, повелете.

**Михајло Маневски:** Амандманот се повлекува.

**Љубиша Георгиевски:** Се повлекува и овој амандман.

Отворам претрес по амандманот на член 6, алинеја 5 поднесен од пратениците Рафис Алити, Сафет Незири, Аднан Јашари, Тахир Хани, Селвије Салију, Азис Положани, Блерим Беџети, Садула Дураку, Ајше Селмани и Зумрете Јакупи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Маневски, повелете.

**Михајло Маневски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор господин Аднан Јашари.

**Аднан Јашари:** Ви благодарам.

Се говори за еден амандман поднесен во членот 6, со кој се бара трите членови од Советот кои ќе се изберат од Собранието, нормално да се изберат врз основа на таканареченото Бадентерово начело. Но сакајќи да го почитуваме постигнатиот договор помеѓу лидерите на политичките партии и ние како парламентарна група ќе го повлечеме овој поднесен амандман. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот е повлечен.

Следниот амандман на член 6 алинеја 5 е поднесен од пратениците на СДСМ, значи е повлечен.

Следниот амандман поднесен на член 7 став 1 исто така од пратениците на СДСМ е повлечен.

Следниот амандман на член 8 став 3 поднесен од пратениците на СДСМ е повлечен.

Следниот амандман на член 8 став 5 поднесен од пратениците на СДСМ е повлечен.

Следниот амандман е поднесен од пратениците Рафис Алити, Сафет Незири, Аднан Јашари, Тахир Хани и Селвије Салију, Азис Положани, Блерим Беџети, Садула Дураку, Ајше Селмани и Зумрете Јакупи.

Отворма претрес по овој амандман.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Маневски, повелете.

**Михајло Маневски:** Тоа е амандманот на членот 41.Овој амандман Владата го прифаќа, бидејки е извршен пропуст на виш јавнен обвинител и јавните обвинители во вишите обвинителства. Значи амандманот е прифатен.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа овој амандман...

**Михајло Маневски:** За членот 41 по зборовите: “Локална самоуправа” и тоа во шестиот ред, затоа што има два пати во членот локална самоуправа. Значи во шестиот ред после зборовите” “ Локална самоуправа”, се додаваат овие зборови од амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Се согласувате ли со тоа? (Да)

Тогаш амандманот е прифатен во овој вид и неговиот текст станува составен дел на текстот на законот.

Следниот амандман е поднесен на член 57 став 3, исто така од пратениците на СДСМ, според тоа е и повлечен.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам кој бара збор?

За збор се јавија господин Слободан Најдовски, а после него госпоѓа Цветанка Иванова.

Повелете господине Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министер,

Ќе се обидам да бидам прилично краток за да бидеме во духот на конструктивноста, која за жал за мене не е конструктивност, за мене е уште еден удар на демократијата во Република Македонија .

На почетокот да кажам дека ќе го гласам овој закон и следниот закон, се со цел во стилот на познатото ремек дело на Петре М. Андреевски “Скакулци”, да не стане некој Богоја Чавкаровски и да не прогласи за кочничари,како што Богоја Чавкаровски го прогласил Деспот Стрезовски, или Стрезо Деспотовски кочничар дека не сакал да влегува во задругите и после 40 години се покажало дека Деспот Стрезовски бил во право, а не Богоја Чавкаровски кој во името на партијата ги прогласувал сите други за кочничари.

Затоа сега сакам да го кажам своето мислење за да не ни требаат 40 години туку многу со време да го спречиме таквиот тренд во Република Македонија.

Овие повозрасните пратеници овде од мене и јас малку се сеќавам, постоеше договорна економија. Ние сме на пат да ги вклучиме сите институции во Република Македонија и да имаме договорна политика. Овој закон и претходниот на претходната седница кој што го донесовме Комитетот за меѓуетничките заедници, подолго време стоеа овде во Собранието на Република Македонија. И според Извештајот на Европската комисија не толку експлицитно, колку што премиерот на Владата на Република Македонија господин Никола Груевски директно го обвини Собранието, не обвини нас 120 пратеници дека сме виновни што не ги носиме овие закони. Овој закон е токму еден од нив. И што покажа денешната седница и она што пред малку се прекина, која што заврши. Дефинитивно ни една седница во Собранието на Република Македонија не е незавршена, или некоја точка не била поставена на дневен ред заради овие 120 пратеници овде кои што се, туку заради тоа така што сакал лидерот на парламентарното мнозинство.

Денешната точка на дневен ред токму тоа ни го потврдува дами и господа. Токму тоа ни

потврдува дека ова Собрание дефинитивно е понижено од страна на премиерот на Владата на Република Македонија. Затоа сакам, носејки го овој закон, да му порачам од овде на премиерот, господинот Никола Груевски, нека расчисти со себе и за сите точки, кои што се поставени на дневен ред, што побрзо нека им дозволи на пратениците од парламентарното мнозинство да ги изгласаат, бидејки до сега токму тој не им дозволуваше да ги изгласаат овие точки на дневен ред.

Единствено што овој период правеше, како сите да не вклопи во договорот кој што го имаше постигнато помеѓу Груевски и Ахмети, како сите да бидат виновни за тој договор. Токму затоа овој закон денес го носиме. Но она што е жалосно, се покажува дека овој закон не го носат пратениците на Собранието на Република Македонија, она што е жалосно што се покажа дека е изместена уставната улога на пратеникот самостојно да одлучува при донесувањето на законите. Сега се прашувате зошто не зборувам многу за законот. Зошто не зборувавме за дел од амандманите. Затоа што колку е паметно некој да каже од овие 120 пратеници по однос на законот така не мисли премиерот, не мисли лидерот на парламентарното мнозинство и џабе вие 120 пратеници да дискутирате и да ги убедувате поинаку овде колегите пратеници.

Овој Парламент се покажа дека во изминативе 14 месеци бил заложник на една таква политика, а од мај наваму бил заложник овој Парламент на договорот помеѓу Груевски и Ахмети. И кога тие двајца ќе сакале да дозволат да се пушти овде расправата во Парламентот и да се носат законите, тогаш ќе се носеле. Тоа е многу лошо за демократијата во Република Македонија., тоа е многу лошо за донесувањето на квалитетни закони.

Имено, само ќе ви кажам, да ве потсетам, во изјавата која што премиерот Груевски ја даде веднаш после постигнатиот договор рече дека иако решенијата во законите не се добри, тие се согласиле. Тогаш прашувам, зошто носиме закон, зад кој што е оној кој што ни се потпишал во име на Владата на Република Македонија во Предлогот на законот, вели дека решенијата во законот не се добри. Го носиме ли тоа под плаштот на некоја конструктивност, или пак го носиме овој закон, само заради тоа потоа да најдеме виновници, повторно во пратениците.

Би завршил што го започнав, за да не бидам “кочничар”, ќе гласам за овој закон. Но, сакам да ви порачам вам, колеги пратеници, време е да покажеме дека пратениците носат глави за размислување. Време е да покажеме дека носењето на законите е овде, во Парламентот. Време е да покажеме дека Македонскиот парламент има капацитет да носи закони, а не кога некој ќе се седне надвор од овој Парламент и ќе се договори вон институционално. Тоа не е добро.

Ви благодарам за вниманието и претседателе ви благодарам што ми дозволивте надвор од Деловникот да дискутирам. Но, навистина сметав дека е потребно да се укаже. Ако продолжиме вака, во име на некој консензус што, на крајот, не наведува на тоа да заклучам дека намерно некој создавал до сега вваква конфликтна ситуација, за да дојдеме во цајтнот, за да донесеме вакви закони.

Драго ми е што конечно премиерот Груевски призна дека имало Мајски договор, а кога овде одговараше на едно пратеничко прашање, ми рече дека кога во Брисел ми кажаа дека имало Мајски договор, тој рече тогаш дека ние лажеме. Се покажа кој лаже. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

Господине Најдовски, јас имам само една мала забелешка во врска со вашето излагање. Не сакам да ве прекинувам, не е тоа ни многу учтиво, меѓутоа треба сите да знаеме дека во оваа земја за политичко мислење никој не може да биде виновен, најмалку може да биде виновен пратеник. Така што, сметам дека треба да ја преиспитате таа изјава, можеби дадена во жарот на говорот, кога рековте ние да бидеме виновни за договорот со ДУИ. Тука не гледам јас виновници. Тоа е политика. Виновник може да биде човек за друго дејствие, вон политичко, ако излезе од рамките на политиката. Но што е тука е, ова ви го кажувам просто од процедурални причини, за да не трошиме. . .

(Пратеникот Слободан Најдовски бара збор за реплика)

Повелете, не мислам да ограничувам, но мислам дека ова треба да се малку. . .

**Слободан Најдовски:** Претседателе, јас тоа најдобро намерно го прифаќам. Но, во сите изјави на премиерот, после Извештајот на Европската комисија, за се беше виновен Парламентот и беа виновни пратениците. Во таа смисла јас зборував.

Но сега се покажа дека не сме биле ние виновни. Воопшто не сакам да ја тргнам одговорноста, туку дека сме заложници на договорот помеѓу Груевски и Ахмети, кој бил склучен во мај и сега требаше да се создаде ваква ситуација, така што непотрбно изгубив ме 6-7 месеци од развојот на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Јас ви благодарам на добронамерното толкување на мојата интервенција. Се е во ред.

Повелете господине Анастасовски, имате з бор.

**Иван Анастасовски:** Почитуван пртседателе не е оставката во моите раце.

Почитувани колеги, почитуван министер,

Во моите раце е дневниот ред за денешнава седница. Навистина ми е драго што успеавте да се договорите Собранието да функционира на ваков начин. Иако ние, како коалиционен партнер не учествувавме во тие договори од петокот, јас навистина од мое име и од името на пратеничката група на која јас припаѓам, НСДП го поздравуваме она што токму денеска се случува.

Почитуван пртседателе, ние како Претседателство не успеавме оваа битна седница со над 10 точки, што сите го носат знакот на Европската унија, да ја вратиме овде во Собранието и да ги поминеме сите овие обврски што ги имаме како приоритет како Република Македонија. Добро е, уште еднаш ќе кажам го поздравуваме тоа што го напрвија лидерите на четирите големи политички партии. Ние, секогаш, како коалиционен партнер ќе работиме во таа насока да на овој начин се менаџира Собранието на Република Македонија.

Ние, како НСДП, апсолутно даваме поддршка и на овој и на наредниот закон што е на дневен ред, почитуван претседателе, и се надеваме дека ќе продолжиме со ова темпо и во овој дух во наредните шест недели, за кои што јас реков после Брисел дека се исклучително важни за Република Македонија. И, ќе се надминеме сите овде 120 пратеници за да и помогнеме на Република Македонија.

Претседателе, ви пожелувам успех на вас, се надевам дека ќе има успех и Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам господине Анастасовски.

Господине Владу Бучковски, повелете имате збор.

**Владо Бучковски:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги,

Пратеничката група на СДСМ ќе го поддржи донесувањето на Законот за Советот на јавни обвинители. Ќе ја поздрави одлуката од петокот вечер, но ќе го изрази своето незадоволство за коментарот што го даде премиерот дека со постигнувањето на овој договор прави отстапки само Владата. Што е голема лага.

Во изминатиот период беше направена сериозна координација помеѓу сите политички партии и дојдено е до решенија каде што обострано, позицијата и опозицијата ги приближија своите ставови. Само да потсетам дека за Советот за јавни обвинители опозицијата ја направи најголемата отстапка, со тоа што не ја прифаќа и таа сега препораката на Венецијанската комисија дека член на Советот на јавни обвинители не треба да биде министерот за правда, заради евентуалната негова преголема моќ. Ние сметаме дека во овој, сега, консензус што се создава и во градењето на мерки за доверба и министерот за правда ќе има многу поконструктивна улога и нема да ги чека на нож сите предлози од опозицијата и нема да ја демонстрира својата преголема моќ во Советот на јавни обвинители, како што тоа се обидува да го прави во Судскиот совет.

Мислам дека негативното искуство што самиот го има за начинот на кои што поминале неговите предлози во Судскиот совет и начинот на кој експертската и стручна јавност ги дочека решенијата за Апелациониот суд во Гостивар и за Управниот суд, ќе бидат опомена за него да биде и тој во иднина многу конструктивен.

Уште еднаш, поздравувајќи го компромисот, а не отстапките на Владата, пратеничката група на СДСМ ќе го поддржи Законот за Советот на јавни обвинители. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господине Жерновски, повелете, имате зобр.

**Андреј Жерновски:** Дозволете ми накратко, прво, почитуван претседателе, почитувани пратеници да го поздравам договорот што беше направен помеѓу четирите политички парти. Нешто на што повикувавме како ЛДП долго време и за што бевме убедувани дека едноставно не може да се постигне.

Денеска, почитуван претседателе, сакам вам да ви се обратам и да побарам од вас да го поставите Собранието на вистинското место што му прилега, односно според Уставот на Република Македонија. И, како пратеник кој реагирал и во претходниот мандат и сега, сум загрижен за тоа за што служи Собранието на Република Македонија?

Гледајќи како се отвиваше претходната точка, гледајќи како се одвива оваа точка јас гледам дека Собранието на Република Македонија е претворено во гласачка машинерија. Со тоа е наполно изместена неговата улога од она што е запишано во Уставот на Република Македонија. Сум загрижен дека денеска, кога се слави договорот, всушност се случува друго. Денеска се закопува парламентарната демократија во Република Македонија.

Да, договор треба да има, но во тој договор мора да се најде господине претседателе на Собранието на Република Македонија, вистинското место на Собранието на Република Македонија. И, ве молам, да ги преземете неопходните чекори да го вратите достоинството на ова Собрание, бидејќи јас, овде избран од граѓаните, не мислам да бидам гласачка машинерија на договори постигнати надвор од оваа институција вон институционални договори што ја рушат институцијата наречена Собрание на Република Македонија. Затоа што овде, ако ги гласаме законите без претходно да одат на комисии и расправа во Собранието, зошто служам јас? Таа улога нема да ја прифатам.

Овде некој ме убедуваше мене, од оваа Судски совет трана, од првото место, овде, пурпурно, дека Собранието е главен кочничар на сите реформи во Република Македонија. Вчера имав можност да се уверам дека не било Собранието виновно.

Така што, господине претседателе, вам можеби не ви се слуша ова, но ве замолувам да седнете со премиерот, да седнете со лидерите кои се договараа во Клубот на пратеници и да побарате, за тоа ве избравме овде или ве избраа за тоа, да Собранието си го добие местото што му припаѓа. Бидејќи јас не можам да сфатам ниту мојата улога, ниту улогата на останатите 119 колеги од ова Собрание. И, се плашам дека во онаа еуфорија што сакаме да ја постигнеме и да ја пратиме пораката до Брисел ќе ја пратиме

најлошата можна порака, дека демократијата е суспендирана и дека Собранието сега ќе служи за гласање на некои закони донесени, пак ќе повторам, што е мошне опасно, надвор од оваа институција.

Ве молам да се почитува Собранието на Република Македонија, ги молам колегите, ве молам вас првенствено да се почитува Уставот на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господин Гештаковски Кире, повелете, имате реплика.

**Кире Гештаковски:** Ви благодарам господине претседателе.

Сакам да му реплицирам на мојот ценет колега, бидејќи навистина не го разбирам. Го поздравува компромисот, го поздравуваме сите компромисот, бидејќи навистина беше дојдено 12,05 часот за Република Македонија.

Собранието било претворено во гласачка машина. Па, кога ќе се договорат четирите најголеми лидери, тука се 100 пратеници. Веројатно тие пратеници што ги предводат тие лидери ќе гласаат така.

Најдобро би било, она што го предлагавме цело време да претседателот тука, подпретседателите, со координаторите на пратеничките групи ова го завршеа пред 7-8 месеци. Но, се виде дека тоа не ни успеа. На крајот молевме, што ни беа оние силни седници, да ги молиме четирите најголеми лидери да седнат да се договорат и да не се опструира Република Македонија во нејзиниот развој.

Откако тоа го направија, сега треба тоа само да го поздравиме. А, за во иднина да гледаме да се работи тука, во Собранието со координаторите на сите политички партии. Тоа би бил најдобриот начин.

Навистина, сега не треба да се враќа ме назад и да ги завршиме сите оние обврски што ни се зададени од меѓународната заедница и во следниот месец, месец и половина да си ја завршиме работата и Република Македонија да ја добие поканата за полноправно членство во НАТО. Тоа го баравме со денови тука, дебатиравме, носевме резолуции, носевме заклучоци, тоа не ни успеваше. Ги молевме четирите најголеми лидери за тоа да го направат. И, за среќа на Република Македонија, за среќа на сите нас тоа се случи во петокот. Тоа значи дека треба да го поздравиме овој потез. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Повелете господине Жерновски со вашата контра реплика.

**Андреј Жерновски:** Почитуван колега, мислам дека имавте добра намера, меѓутоа не ме разбравте.

Јас не гледам назад. Мојата дискусија беше токму затоа што сакам да гледам напред. А напред не сакам да видам закони во Собранието на Република Македонија што се договорени и ние нема да учествуваме во нивното донесување.

Уште еднаш го поздравувам договорот. Цело време навиваме и укажуваме на тоа дека треба да постои. Јас би бил среќен да пратиме вест дека ние имаме консензус, дека се договараме за она што се случува на политичката сцена во Република Македонија.

Но, тоа не значи, наша порака е контрапродуктивно е да добиваме закони што нема да ги анализираме, во кои што нема да учествуваме во подобрувањето на текстот, туку напротив, ќе ги гласаме и оние што се добри и оние што не се добри.

На крајот на краиштата, со тоа ја исклучуваме јавноста во Република Македонија бидејќи закони ќе дојдат од Влада во Парламент, ја исклучуваме јавноста општо и ја исклучваме стручната јавност. Тоа како пратеници не смееме да го дозволиме, бидејќи тоа е спротивно од работењето на она што е наречено Устав и закон за работа на пратеник во Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам предлогот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 69 пратеници, сите 69 гласале за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за Советот на Јавни обвинители на Република Македонија.

**Минуваме на точката 6. - Предлог на закон за Јавното обвинителство.**

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Согласно точка 1 од амандманот 30 на Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со двотретинско мнозинство на гласови од вкупниот број на пратнеици.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 94 ставови 1 и 2 и на член 94 за додавање нов став 3 по ставот 2 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Рафис Алити, Сафет Незири, Аднан Јашари, Тахир Хани, Селвие Салиу, Азис Положани, Блерим Беџети, Садула Дураки, Ајше Селмани и Зумрете Јакупи поднесоа амандмани на член 44 став 3 алинеја 1, став 4, став 5 алинеја 1, и на ставовите 6 и 7, член 45 став 1, за бришење на точките 2, 3 и 6., член 80 ставови 1, 2, 3 и 4 и на член 81 ставови 1, 2, 3 и 4, по кои Влада не се произнела.

Пратениците Цветанка Иванова, Борис Кондарко и Оливер Спасовски поднесоа амандмани на член 24 став 1, член 31 алинеи 2 и 4, член 40 став 1, член 41 за менување на став 6, член 67 став 2, за бришење на алинеја 3, член 94 став 1, член 94 за

менување на став 2, член 94 став 2 и на член 94 за додавање нов став 3 пос тавот 2 по кои Владата не се произнела.

Повелете процедурално госпоѓице Грковска.

**Славица Грковска:** Благодарам господине претседателе.

Сакам да ве информирам дека сите амандмани поднесени од пратениците на Пратеничката група на СДСМ ги повлекуваме.

**Љубиша Георгиевски:** Значи, сите амандмани поднесени од страна на СДС се повлекуваат.

Отворам претрес по амандманот на член 24, тој е веќе повлечен од предлагачите.

Отворам претрес по амандманот на членот 31 алинеи 3 и 4, и тој амандман е повлечен.

Повелете господине Маневски, баравте збор.

**Михајло Маневски:** Сакав да ве потсетам на една работа за која што сум должен.

Имено, овој амандман на членот 31 став 1, алинеите 3 и 4, се однесува за следното: Во Законот за кривичната постапка предложивме една одредба со која што се определи надлежност на суд што ќе гони дела на организиран криминал и корупција. Таму, кога беше расправата по тој закон рековме дека на тој амандман не му е местото во тој закон, туку дека му е местото во Законот за судовите. Таа одредба е вградена во Законот за судовите, со една забелешка, во алинеите 3 и 4 на ставот 1 зборовите: “поголема вредност” се заменуваат со зборовите “значителна вредност”. И, зборовите “кривичните дела: недозволена трговија со акцизни стоки” да се избришат.

Значи, ние овој амандман го прифаќаме заради конзистентноста на прописите што се во Законот за судовите и во Законот за Јавното обвинителство. Овој амандман е составен дел на законот и ова е само потсетување, бидејќи уште тогаш изјавивме дека овој амандман го прифаќаме.

**Љубиша Георгиевски:** Господине министре, значи овој амандман се прифаќа.

Се согласува ли предлагачот со тоа, бидејќи претходно ги повлече сите амандмани?

Се согласува.

Текстот на овој амандман станува дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 40 став 1, поднесен исто така од пратеници на СДСМ.

Овој амандман е повлечен.

Следниот амандманн е исто така повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 44, став 3 алинеја 1, став 4, став 5 алинеја 1, и на ставовите 6 и 7 поднесен од пратениците Рафис Алити, Сафет Незири, Аднан Јашари, Тахир Хани, Селвие Салиу, Азис Положани, Блерим Беџети, Садула Дураки, Ајше Селмани и Зумрете Јакупи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот министер Маневски.

**Михајло Маневски:** Господине претседателе Владата не го прифаќа овој амандман бидејќи во расправата по Предлог за донесување на законот веќе го смаливме времетраењето за потребниот стаж за именување на јавни обвинители.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

За збор се јави господин Азис Положани.

Повелете господине Положани.

**Азис Положани:** Ви благодарам господине претседателе.

Почитувани колеги пратеници,

Сакав да дадам едно дополнително објаснување во однос на јавноста, меѓутоа и пратениците. За амандманите што се денеска дел од расправата, во функција на објаснување на нашата позиција во однос на овој закон, што го направивме преку амандмани, меѓутоа, и преку едно писмо за поднесување на наши забелешки во рамнките на настојувањето да се дојде до едно заедничко решение што беше дел од досегашниот дијалог и што резултираше со средба или заокружување на овој дијалог во петокот, сакам да објаснам 2-3 елементи од овие наши предлози.

Како амандманите, така и нашите забелешки добронамерно ги испративме до Министерството за правда да станат дел од законот. Воглавно се во однос на намалувањето на годините кои што се потребни за определени функции за обвинители на одделни нивоа без интервенирање кај високите нивоа како професионална потреба, како што се надлежностите. Меѓутоа, за помалите нивоа, за виши обвинители да има флексибилност од причина што не сакаме утре да дојдеме во ситуација и не беше ниту целта, или намерата да се наруши стандардот, или потребата за поголемо искуство на правниците за овие професии, меѓутоа беше повеќе во функција на создавање на еден поширок простор за еден подобар избор. Значи, имајќи го предвид фактот дека и обвинителството и судовите треба да го исполнат барањето за правична и соодветна застапеност и на обвинителите поради актуелната ситуација и фактички неможноста секогаш да се исполнат овие стандарди нормално на поранешните минати политики. Ние предпочитаме овие стандарди во годините да бидат малку пониски, не многу пониски, со цел изборот да биде поширок и да не се принудуваат изборните тела, или органи кои што се овластени за таа работа да изберат од еден многу мал, или тесен избор на кандидати. Затоа што тој број за албанската заедница, би рекол дека сеуште е мал, или низок број за да може изборот да биде и во таа насока изборот ќе биде на штета на квалитетот што мислам дека може да се наруши и квалитетот на самиот орган за кој што и е овој Предлог-закон.

Вториот дел од амандманите е во однос на акцентот на употребата на јазикот во разни инстанци и во делот на административните служби на обвинителството и не само во постапките како што се предвидени со Законот за

кривична постапка и цивилна постапка, затоа што како што велите дека употребата на јазикот ќе биде во согласност со процедурите кои што се утврдени со друг закон, со законите за судовите како што е Кривичниот законик, или други кои што се уредуваат на овој начин. Ние сакавме во делот на службите да интервенираме , со тоа што ќе створиме основа за употребата на јазиците кои што ги говорат заедниците што се над 25%, значи албанскиот јазик и тој да стане дел не само на постапките, туку и на самиот орган

И другиот дел од амандманите беше во однос на конституирањет, или пак за еден малку поширок пристап во однос на конституирањето на судот и Вишото обвинителство во Гостивар каде што во преодната структура, затоа што тоа е член од преодните одредби да можат да се опфаќаат инстанци кои што се малку порншироки. Ова не е дел од овој амандман, меѓутоа го кажувам само како забелешка која што сме ја поднеле каде што мислевме дека треба да се вклучи можеви и некое лице од Парламентот, или од Народниот правобранител за да не бидат претствници само од една структура и за да изборот не добие главни бои на претставници кои што се од извршната власт во овој момент. Значи, за еден поурамнотежен пристап и за градењето, односно составувањето на овој суд кој што ќе се направи со една ад хок комисија, а не со процедура која што се утврдува во самиот овој закон, која што процедура ќе важи во идните случаи за идните обвинителства. Меѓутоа, бидејќи се успеа да се постигне договор за определени прашања, ќе се имат предвид и овие наши забелешки и дека прашањето на јазикот, или јазиците ќе треба малку посеопфатно да се реши со Законот за јазиците за кој што лидерите се согласија да станат дел од нашата дебата. Во иднина имајќи предвид дека нашите забелешки се надевам во име на кредибилноста и досегашната консензуална основа за градење на еден независен систем и во Гостивар и ќе ги има предвид министерот за правда истите и другите соодветни органи, Ние во име на отворање на процес, пат кон процесот и исполнување на обврската од петокот, ние сите амандндмани ги повлекуваме. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Значи, и амандманите поднесени од страна на пратеничката група на ДУИ се повлечени.

Бидејќи нема други, сите амандмани заедно се или од пратеничката група на СДСМ кој ги повлече, сега се повлекуваат и од пратеничката група на ДУИ.

Има ли некој процедурално? (Нема).

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?Има збор госпоѓа Цветанка Иванов.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе. Би сакала да го изразам ставот на пратеничката група на СДСМ по повод донесување на Законот за јавно обвинителство, бидејќи навистина заслужува веќе после година и нешто доцнење од потребата за донесување на ваков закон заслужува да се даде печат на денешниов ден, затоа што СДСМ вложи исклучителен напор за донесување на овој закон. Затоа што овој закн е многу важен за Република Македонија, беше многу важен за одредување на датумот на преговори за зачленување во ЕУ, за покана за отпочнување на преговори, го испуштивме ова време, ја испуштивме оваа работа. Но, еве, сега кога се наоѓаме во времето на добивање покана за зачленување во НАТО, СДСМ како најголема опозициона партија го поддржува донесувањето на овој закон и ќе гласа за донесување на законот за јавно обвиниелство, затоа што сметаме дека по вакви важни прашања и особено во време кога треба да се откочи процесот на реформите, ние кеко најголема опозициона партија треба да дадеме значителен придонес и денеска тоа го правиме. Меѓутоа, овие денови и изминативе месеци station наназад кога се водеа преговорите околу отпочнување на процесот на реформите во судството, за цело време СДСМ имаше позитивен пристап, затоа што ако го видите текстот од Предлогот за донесување на законот за јавно обвинителство до финалниот текст кој што денеска Собранието ќе го донесе, вградени се сите оние забелешки кои што ние навистина ги дадовме, со цел да се подобри Законот за јавно обвинителство и со цел навистина јавното обвинителство да се зајакне и да биде навистина орган кој што ќе биде самостоен и кој што ќе ги гони сторителите на кривичните дела во овој период кога Република Македонија навистина треба да покаже резултати во оваа работа. Но, не баравме да се вградат законски решенија кои што ќе овозможат јавното обвинителство да не води селективна борба против криминалот како што до сега тоа го правеше, туку да биде орган во Република Македонија кој што навистина ќе се спротивстави на криминалот. До сега градевме механизми на доверба и верувајте, јас навистина бидејќи учествував во процесот на преговори, претходната вечер кога се постигна согласност за донесување на законот за јавно обвиниелство, јас бев навистина радосна, затоа што навистина мојата држабва веќе ќе почне, ќе ги продолжи реформите во судството и во јавното об винителство.

Но, верувајте бев многу разочарана од изјавата на премиерот кој што наместо да изрази задоволство од одкочувањето на запрените процеси на реформите во судството и јавното обвинителство, наместо да каже дека Република Македонија еве, и опозиција и позиција постигнале согласност нешто да се сработи добро за државата, кажа дека ова не било компромис , туку дека ова било отстапка од ВМРО-ДПМНЕ. Верувајте, ова не е отстапка од ВМРО-ДПМНЕ., верувајте не е ова отстапка на ВМРО-ДПМНЕ и на Владата, затоа што СДСМ отстапи од многу свои забелешки кои што ги имаше по законот за јавно обвинителство, а кои што се многу важни за органот, отстапи од тоа ова Собрание да го гледа

годишниот извештај за движењето на криминалитетот во Република Македонија. Сметавме дека навистина со гледањето на извештајот, со расправата по ивештајот на пратениците во ова Собрание ќе се делува во насока на подобро работење на јавниот обвинител, отстапи во оној дел, прифати министерот еден амандман на членот 31 кој што се однесуваше на надлежноста на Јавното обвинителство за организиран криминал, но отстапивме и понатаму на стеснување, односно јасно прецизирање на надлежноста на јавното обвинителство за прогон, за гонење на организиран криминал, затоа што сметаме дека и вака со прифатениот амандман е прешироко надлежноста на јавното обвинителство за организиран криминал. Јас очекувам дека за брзо време ќе имаме реакција како во Законот за јавното обвинителство, така и во Законот за кривична постапка, затоа што сметам дека прешироко се дадени надлежностите на јавното обвинителство за организиран криминал, бидејќи останатите јавни обвинителства ќе ги сведеме на јавни обвинителства кои што ќе гонат само сторители на кривични дела, шумски кражби, или обични кражби. Понатаму, отстапивме од барањето јавниот обвинител на Република Македонија да се избира со 2/3 мнозинство и отстапивме од решението со кое што ќе оневозможевме Советот, односно да се заобиколува мислењето на Советот на Јавни обвинители доколку не се донесе, или притисокот кој што евентуално може да се врши доколку не даде за ниеден кандидат предлог, позитивно мислење за јавен обвинител. Имавме и низа други забелешки. Овие само ги спомнав во насока дека навистина ова не е отстапка само на една политичка партија, туку дека ова е компромис, дека сите по нешто сме отстапиле за денеска еве, да го донесеме законот за јавно обвинителство кој што навистина ќе и обезбеди на Република Македонија да добие, секако ако ги исполни останатите критериуми, да добие покана за членство во НАТО. Ова е придонес од опозицијата, ова е придонес од СДСМ за движење на Република Македонија во позитивна насока.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господинот Павле Трајанов.

**Павле Трајанов:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитуван министер.

За мене сосема е разбирлива позицијата на ЛДП која што не присуствуваше на договорот на поголемите политички партии да учествува и да негодува. Меѓутоа, мислам дека СДСМ со дискусијата сега на почитуваната пратеничка, мислам дека го прекрши договорот да поминат овие законски проекти без некоја посериозна расправа. Значи, сепак се оди на тоа да се нагласат оние барања што беа од СДСМ дека се вградени во законот, односно секогаш се поаѓа од дневно-политички маркетинг. Во оваа насока сакам да кажам неколку работи. дека Република Македонија или Собранието на РМ пропушти да донесе закон за јавно обвинителство со кој ќе се зајакне самостојноста и одговорноста на јавното обвинителство во целина. Отстапките што беа направени и тоа од страна на Владата, значи тоа беа сериозни отстапки, со тие отстапки сега ние не успеавме до крај да го деполитизираме и да го департизираме јавното обвинителство. Значи, папочната врска што постои помеѓу овој сектор и партиите што беа на власт, или партијата што беше долго време на власт која што ги предлагаше и бираше јавните обвинители, таа врска и натаму останува. И затоа не треба сега да зборуваме дека е направен компромис. Компромисот доаѓа преку политичкиот дијалог, или се прифаќаат одредени решенија само тогаш кога Владата или парламентарното мнозинство отстапува и тоа прави сериозни отстапки кои што се на штета на квалитетот на овој закон, на самостојноста на јавното обвинителство во целина.

**Љубиша Георгиевски:** Процедурална интервенција има господинот Стојан Андов.

**Стојан Андов:** Господине претседателе, ви се обраќам вам. Ние сега расправаме конкретно закон. И тоа завршена е расправата, фазата е завршена се до текстот на законот, а после амандман. Сте констатирале дека немаме амандмани. Кој нема што да каже за текстот на законот, го молам да не се јавува за збор и вие да не му давате збор. Држете се до тоа што е сега на дневен ред. Конференции за новинарите се можни да се држат, но не сега.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика, госпоѓа Цветанка Иванова.

**Цветанка Иванова:** Значи очигледно во ова Собрание некој не сака да тече работата како што треба да тече. Секогаш кога нешто ќе тргне на добро, се јавува некој кој што е поттикнат од некој друг да направи гужва во ова Собрание.

Господине Павле Трајанов, ако не ви е јасно, ако не ги пратите законите, СДСМ е доследен во своите барања од првата седница од Предлогот за донесување на законот за јавни обвинители до денеска.. Значи, ние имаме доследни барања од првиот момент. Ако сте имале вие, ако сте сакале да го подобрите текстот на законот, каде ви се вашите амандмани? Борете се за вашите заложби. Немојте да провоцирате овде на завршена работа да правите вересија, затоа што навистина не и е потребно на Република Македонија вакво нешто во овој момент и затоа што навистина вие не треба да зборувате воопшто за некакви папочни врски.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика, Павле Трајанов.

**Павле Трајанов:** Само накратко. Значи, јас сакав да го почитувам договорот што е направен, овој закон без расправа да го гласаме.

Пратеничката Иванова да знае дека јас имав навистина сериозни забелешки околу законот за јавно обвинителство во првата фаза и голем дел од тие забелешки предлагачот ги прифати, ги вгради во законот. Така што немаше потреба да интервенираме амандмански, бидејќи последната

верзија на законот беше исклучително прифатлива и добра и гарантираше самостојност во работата на јавното обвинителство во целина.

**Љубиша Георгиевски:** За реплика се јави госпоѓа Роза Топузова Каревска.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, навистина обраќањето на господинот Павле Трајанов и спомнувањето на Либерално демократската партија докажа дека интервенцијата која што на почетокот ја имаа пратениците од ЛДП била апсолутно исправна и на место. Со она што тој го искажа се обиде уште еднаш да направи жест атак врз демократијата на Република Македонија и со тоа сакајќи да докаже дека Собранието апсолутно нема никаква улога во одлучувањето и политичкиот систем на Република Македонија.

Господине Павле Трајанов, сметам дека уште еднаш треба да го преиспитате ова ваше обраќање и да кажете дека она што беше кажано од ЛДП беше со најдобра намера во насока да се почитува Уставот на Република Македонија и во целина да се врати дигнитетот на Собранието. Вие за жал како пратеник, наместо да се залагате за тоа, вие направивте како што реков уште еден атак врз демократијата, односно врз дигнитетот на Собранието на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Повелете господине Вељаноски, имате збор.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам претседателе.

Законот за јавно обвинителство од наша страна, согласно договорот, ќе биде и поддржан за да може да се изгласа затоа што е многу битен закон или еден од условите за пристапување во НАТО интеграција. Мислам дека непотребно беше од страна на пратеничката Цветанка Иванова да искаже нешто и да образложи свои гледања во однос на Законот за јавно обвинителство, затоа што имаме и ние свои гледања. Покоректно ќе беше, како што помина претходниот закон за Совет на јавни обвинители, согласно договорот, да поминеше и овој закон за Јавно обвинителство.

Инаку, ако веќе почнуваме да кажуваме кој колку бил конструктивен, би потсетил малку, затоа што јас учествував на тие средби на кои беше и Цветанка Иванова, а организиравме 5-6 лидерски средби. На почетокот - барањата на СДСМ ги имам написмено овде, беа шест барања во однос на законот за Јавно обвинителство и за Советот на јавни обвинители. Сите се прифатени и вградени во законот за Јавно обвинителство.

Првото барање беше јавниот обвинител да се избира со 2/3 мнозинство или мислењето на Советот на јавни обвинители во однос на изборот на јавен обвинител на Република Македонија да биде задолжително. Се усогласивме дека мислењето на Советот на јавни обвинители во однос на изборот на јавен обвинител на Република Македонија да биде пресудно. Тоа е барање кое е побарано од страна на СДСМ и прифатено.

Да нема јавно обвинителство за организиран криминал, како што беше во првата фаза. Во втората фаза со амандмани е интервенирано и е усогласено, како што беше договорено на лидерската средба, да има основно јавно обвинителство кое ќе биде надлежно за организираниот криминал. И тоа е прифатено.

Да нема основ за разрешување на јавен обвинител на Република Македонија поради незадоволителни резултати, и тоа е прифатено.

Владината комисија да не одлучува по жалба за разрешување на јавен обвинител на Република Македонија, и тоа е прифатено.

Исто така, во преодните и завршните одредби, имавме 5-6 средби на кои за волја на вистината треба да признаеме вие предложивте, конкретно вие госпоѓо Цветанка Иванова, едно решение кое ние го прифативме, но утредента вие го изменивте и се откажавте од сопственото барање. Имаше 2-3 средби на кои безусловно целиот закон за јавно обвинителство го стававте во заложништво само во однос на преодната и завршна одредба, да се трансформира мандатот на оние заменици јавни обвинители кои се со ограничен мандат да биде во траен мандат. И покрај тоа што имаше спротивставено мислење дека тоа не е добро, дека може да биде и против уставно и икс други причини, но вие не сакавте да разговарате и воопшто не сакавте да ги вкрстиме аргументите во однос ан тоа.

На крајот, за да се удоволи и тоа барање, за да може да се добие 2/3 мнозинство за гласање за овој закон за јавно обвинителство, на последната средба беше прифатено. Беше прифатено за да се изгласа овој закон за јавно обвинителство, за да може да се исполни еден од условите кои се битни за НАТО интеграциите.

Сега не знам зошто толку ве погодува дека од нешто е отстапено. Отстапено е, сите ваши барања кои беа доставени на маса се прифатени за да може да се добие 2/3 мнозинство на гласање. Тоа е вистината. Ако некого го боли вистината, тоа е друго прашање.

Инаку, за Советот на јавни обвинители баравте министерот за правда да не биде член, само од тоа не е отстапено, затоа што сите се усогласивме ...

(Реагирање од пратеник)

Се извинувам претседателе, може пратеникот Бучковски да го смирите? Цел ден е немирен денес.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, продолжете господине Вељаноски.

**Трајко Вељаноски:** Само во однос на член, министерот за правда да биде член по функција во Советот на јавни обвинители, вашето барање беше да не членува, но сите укажавме дека ако му е местото на министерот за правда во Советот на јавни обвинители, му прилега во однос на неговата надлежност, која ја има Владата за

гонење на организиран криминал. Само тоа решение остана. Инаку, ова се барањата кои беа доставени, овие барања се прифатени за да се изгласа законот за Јавно обвинителство, за да може Република Македонија да ги изгласа законите кои се генерално добро за сите граѓани на Република Македонија. Тоа е вистината, тоа требаше да го кажете вие и не знам зошто ве боли тоа дека некој рекол дека е отстапено. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Госпоѓо Иванова, имате реплика?

Повелете вашите три минути.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе.

Навистина очекував овој ден да помине во една конструктивна расправа и да завршиме, да го донесеме законот за Јавно обвинителство.

Самиот колега Трајко Вељаноски ги наброи нашите барања, дел наброи, дел не наброи и од оние што ги наброи се виде дека голем дел од тие што ги наброи не се прифатени. Штом не се прифатени, значи ние нешто сме отстапиле, тие нешто отстапиле и се постигнал компромис.

Што ми беше поентата на моето обраќање?

Поентата на мојот говор беше дека навистина и кога ќе постигнеме компромис сака некој да си го припише дека нешто отстапил, дал од себе, а другиот ништо не дал, па го носи на врат. Така не може Република Македонија да гради мерки на доверба. Така Република Македонија не може да го продолжи политичкиот договор меѓу позицијата и опозицијата за клучни работи.

Сакав да укажам дека мора на поинаков начин да се однесуваме. Мора да се признае дека законот за Јавно обвинителство го донесуваме компромисно, решенијата ги донесуваме компромисно. И она што го кажува господинот Трајко Вељаноски дека не сме сакале посебно обвинителство за организиран криминал - не, не сакавме, затоа што во првата фаза од донесување на законот одредбите кои се однесуваа на тоа обвинителство беа толк измешани што и самиот знае дека внатре во самото обвинителство со првиот закон создадовме ново обвинителство кое се косеше со сите принципи на организација на Јавното обвинителство. И сега, мислам дека треба да признае, ние сме биле конструктивни во барањата, сега имаме нешто поинакво решение кое може да се вклопи во правниот систем и кое може да се вклопи во принципите и начелата на кои почива Јавното обвинителство. Но по се изгледа, многу пати не сакаме да признаеме за работи кои што се добри, не сакаме да признаеме за она што оној што ни е противник подобро размислувал и секогаш сакаме да си припишеме, сето што е убаво, на себе. Така не можеме да функционираме, треба да си признаваме едни меѓу други за она што го постигнуваме заедно, а не да се припишува само на еден или на една.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине Вељаноски, вашата минута.

**Трајко Вељаноски:** Госпоѓа Цветанка Иванова, буквално не ја разбрав вашата поента на обраќање, затоа што укажавте дека вие сте конструктивни, а ние не конструктивни. Конструктивноста се гледа во однос на парламентарното мнозинство, во однос на прифаќањето на сите ваши барања кои беа изложени на маса и од наша страна прифатени, без оглед кои аргументи сме ги имале ние или вие. Не отповргнавте ништо од ова што го кажав во однос на барањето ваше што е прифатено. Не би требало така, на крајот нешто што е договорено некој да излезе и да каже ние сме конструктивни, другите не се конструктивни. Ќе цени јавноста кој е конструктивен и јавноста ќе цени понатаму дали решенијата предложени во законот се добри или не. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Госпоѓа Шекеринска, повелете, имате збор.

**Радмила Шекеринска:** Почитуван претседателе, господи и господа пратеници,

Никогаш изгледа ништо не учиме од сопствените грешки. Никогаш и ништо не учиме за да не ги повториме, бидејќи денешниве дискусии како и изјавите во последните два дена како да сакаат да кажат дека сме подготвени повторно и повторно да паѓаме на истите испити.

Господа пратеници, осум месеци слушаме напади од Владата кој е виновен што нема закон. После состанокот во петокот и после постигнатото решение за неколку прашања, сега слушаме кој е виновен зошто е постигнат договор. Па до кога ќе одиме вака? До кога премиерот, наместо да излезе пред јавноста и да поентира како претседател на Влада, како прв човек во една држава, да поентира пред нашите граѓани, но и пред меѓународната јавност дека сепак работите тргнале напред, господинот премиер избра да излезе пред јавноста и наместо да каже ова е добар ден, повторно да покаже со прст кон некои наводни непријатели на државата.

Да бидам искрена, колку што бев задоволна и колку што бев среќна што после шест месеци блокада сепак се направи вистинскиот чекор, толку после изјавата бев разочарана дека истото навистина недржавничко однесување продолжува.

Срамота е кога ќе завршиме состаноци во Клубот на пратеници, главната политика да биде кој ќе излезе последен да даде изјава и да може да ги нападне другите. Па навистина мислев дека тоа не е таков ден и немав проблем да излезам меѓу првите и да дадам изјава, затоа што сметав дека петокот е ден кога сите треба да имаме позитивни продржавни, државнички изјави во кои ќе кажеме дека Македонија тргнува напред. И да кажеме, што било поминало, тоа е, сега најпосле научивме од сопствените грешки. Наместо така да се однесува власта, кај нас премиерот се однесуваше како да е шеф на опозицијата, излезе и единствената изјава која што ја даде е дека направил, според неговите зборови лоши

отстапки, заради тоа што СДСМ се однесувале анти државно.

Како ќе градиме доверба во овој Парламент? Како ќе градиме доверба во тие разговори кои се водат таму? Знаете што можеше да се случи? Можеше да се случи после еден некоректен и не фер и не политички оправдан гест на премиерот, кој не ја говореше вистината, опозицијата односно СДСМ да каже: луѓе, со овие претставници на ВМРО-ДПМНЕ не се разговара и постигнатиот договор не важи. Зарем тоа сакаше да го постигне премиерот? Да го растури и тој тешко стекнат договор.

Меѓутоа, бидејќи СДСМ има поинаков однос и кон државата и кон државните интереси, јас и моите колеги рековме дека овие два дена нема тоа да го користиме и дека денес на седницата, без многу отворени рани одново, ќе дојдеме, ќе го кажеме нашиот став, ќе гласаме. Реакцијата на парламентарното мнозинство е иста како и реакцијата на премиерот. Наместо да печали државата со постигнатиот договор, ајде ако може да печали ВМРО-ДПМНЕ и да каже дека за сегашниот застој се виновни некои други.

Господа пратеници, денес оваа дискусија можевме да ја водиме многу различно. Денес можеше и Цветанка и сите ние да излеземе и да кажеме дека осум месеци доцнеше законот да влезе во Собрание, но тоа не го кажа. Дека осум месеци Владата тврдеше дека јавниот обвинител мора да биде странец и гледаше тоа да го оправда уставно и се дотогаш не го пушташе законот. Осум месеци беше виновен повторно некој друг. Кога ги почнавме разговорите за судските реформи - патем да ве потсетам на наша, а не на владина иницијатива - сите имавме различни позиции околу десетина прашања и денес е срамота да се бројат отстапките од едната страна, а да не се каже дека позицијата се откажа од избор на јавен обвинител со 2/3 мнозинство, на кои имаше право затоа што Законот за јавни обвинители, за Јавно обвинителство се носи со 2/3 мнозинство заради барањето на опозицијата тогаш кога се гласаа уставните амандмани. И во ред ќе беше јавниот обвинител да го избираме со 2/3 мнозинство.

Денес овде не се кажува дека 10, 15 или кој знае колку амандмани од СДСМ беа повлечени. Зошто на тоа не реагиравте? Зошто не стана некој пратеник или некој друг претставник да каже сакаме да кажеме дека ова е вистински начин на функционирање во Собранието.

Амандманите кои овде ги реди господинот Вељаноски не беа предлози на СДСМ. Ако бидат чесни ќе кажат дека тоа беа директни критики на Венецијанската комисија кои ние ги поддржавме и како такви беа прифатени од Владата и вградени во новиот текст.

Денес велам можевме да имаме многу различно однесување како опозиција. Денес моравме и можевме да бараме одговорност зошто овој закон доцни повеќе од 12 месеци. Кој е одговорен, зошто истиот компромис не се направи во јуни и во јули, па да можевме да очекуваме и позитивно мислење од Европската комисија. Не го направивме тоа.

Денес овде на  почетокот на седницата можевме да излеземе и да кажеме кој ја носи одговорноста за не признаениот, ама веќе во имплементирање Мајски договор, ама тоа не го направивме. Можевме по првата точка која денес ја дискутиравме, Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците, овде да се однесуваме како ВМРО-ДПМНЕ минатите четири години и да кажеме дека поради грешни проценки на оваа Влада имавме лош Мајски договор кој не беше неопходен и Мајски договор кој тие кои што го договорија не го признаваат, владината страна. Како резултат на тој Мајски договор мораме да донесеме ваков закон. Дали не слушнавме тоа да го говориме?

Денес можевме да дојдеме овде и да кажеме пред македонската јавност: ви текнува ли кога Груевски тврдеше дека нема Мајски договор? Е денес го имплементиравме првиот чекор од тој Мајски договор, ама тоа не го направивме. Тоа не го направивме заради тоа што за нас поканата за НАТО е многу побитна од ситните кавги кои што сакате да ги испровоцирате во ова Собрание. Идните преговори со Европската унија ни се многу побитни од оваа лоша атмосфера во Собранието и онаа недоверба која премиерот дополнително ја стимулира.

Господа пратеници, денес молчевме и гласавме за вашите, владини погрешни проценки. Молчевме и гласавме затоа што и тоа е сепак подобро за Македонија отколку блокадата во политичкиот систем која владее и постои заради суетноста и тврдоглавоста на неколкумина.

Затоа, јас морам да кажам, се надевам дека Собранието денес ќе го усвои тоа што се договоривме. Се надевам дека денес Собранието ќе го потврди компромисот кој, фала Богу, после многу месеци тврдоглавост го направивме.

Меѓутоа, жалам што вакво мнозинство, вакво однесување ќе генерира идни проблеми и се потешко и потешко ќе се договараме.

Денес можевме да го користиме фактот дека премиерот Груевски можеше и бараше за се да се договориме, ама за Судскиот совет му требаа 10 или 15 дена консултација. И оваа опозиција премина преку тоа, оваа опозиција премина преку тие навреди кажани веднаш откако покажавме не конструктивност, откако поминавме неколку чекори понапред.

Јас навистина сум заморена од приказните за папочни врски или според зборовите на веќе нов истакнат член на ВМРО-ДПМНЕ, 17-те годин власт СДСМ, како да оние 4 години на Љубчо Георгиевски и Никола Груевски сакате да ги избришете од нашата меморија. Како да сакате да избришете од нашата меморија дека токмуј пратеникот кој говори за папочни врски, ако тие постоеле, бил еден од главните ликови на клучни институции кои требало да се борат против криминалот. Е па кој ги правел папочните врски

ако постојат? Јас како советник во град Скопје или вие како еден од првите луѓе во Министерството за внатрешни работи? Ги потценувате граѓаните, и Владата ги потценува граѓаните. 17-те години ја носиме одговорноста, ама не може годините да ги гледаме на кој како ќе му текне, па четирите години кога вашиот војвода, а денешен благонадежен Бугарин господинот пратеник Љубчо Георгиевски, на кој десна рака му беше сегашниот премиер Никола Груевски, наеднаш да исчезнат од општата меморија.

И тогаш СДСМ бил на власт, само ние не сме знаеле.

Господа пратеници, вака не се прави ниту консензус, вака не се прави ниту компромис, вака не се води државата напред.

Јас се надевам дека оние некои поразумни и во владеачкото мнозинство ќе успеат да станат повлијателни, бидејки гледам дека ја губат битката. Се надевам, заради тоа што нема конструктивна опозиција, без пристојна влас, која таа конструктивна опозиција ќе ја прифати. Ние денеска направивме и во петокот крупен чекор.Вие денеска сакате да не вратите два крупни назад. Жалам, за тоа и сметам дека ваквото однесување ќе ни го направи потежок патот кој не чека и во следните неколку недели и во следните неколку месеци. СДСМ е партија која и кога е на влас и кога е опозиција прво место дава на државните интереси, а потоа на ситните партиски подметнувања кои ги гледаме во континуитет во оваа сала. Меѓутоа, тоа го очекуваме и од најголемата политичка партија. До денеска, тоа не го добивме. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господине Вељаноски имате реплика, повелете вашите три минути.

**Трајко Вељаноски:** Пратеничката Радмила Шекеринска, мислам дека гледаше на кај нас, а прашањето повеќе и беше кон својата колешка Цветанка Иванова. Таа ја почна расправата по однос на ова кој, како, зошто,од кои причини. Имавте контрола, можевте да и кажете во однос на овој закон постигнавме согласност и не би требало сега ние први да го нарушуваме. Вие први почнавте и отворате некои работи кои не би требало да бидат отворени. Кој колку доцнел. Девет месеци требаше да биде донесен Законот за Јавно обвинителство, согласно уставниот Закон од претходната Влада. Вие не ги памтите тие месеци. Дали е точно тоа што претходно го кажав едно ваше решение по однос на преодните и завршните одредби, утредента вие го повлековте. Да не ги отвораме работите и не треба да се отвораат. Добро е што постигнавме една согласност за еден битен закон, еден од условите да се исполни, но, претходно и вие бевте присутни и треба да знаете кој прв ја отвори оваа тема. И вас изгледа една изјава од премиерот, после таа лидерска средба повеќе ви значеше овде да ја нападнете, отколку во однос на постигнатиот договор за изгласување на Законот за Јавно обвинитеслтво. Не би требало да се осврнувате кон нас, туку осврнете се кон вашите пратеници, кои што ја започнаа расправата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Госпоѓа Шекеринска контра реплика, вашата минута, повелете.

**Радмила Шекеринска:** Почитуван претседателе, во право сте. Не требаше вас да ве гледам.

Требаше да гледам ваму, ама ако беше тука премиерот. Затоа што, ако некој ја отвори лошата пандорина кутија, дали некој треба да носи одговорност за минатите месеци, тоа беше господинот премиер, а вие влегувате во неговата игра. Вие изгледа меморијата ја исклучувате за време на деновите на викендот. Јас ви спомнав, бев навистина изненадена дека еден премиер не ги собра за Македонија ловориките дека сме постигнале договор. Веста во петокот за секој одговорен премиер, требаше да биде има договор, а не да излезе пред јавноста и да каже знаете како, овие се виновниците. Како договорот да не му бил ни важен. Тоа е разочарувачки господине Вељаноски. Тука јас не ве обвинувам вас, бидејки знам дека како велите, за разлика од мене вие немате контрола на тоа што го говори премиерот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господине Јашари, повелете имате збор.

**Аднан Јашари:** Ви благодарам.

Кратко поради договорот уште еднаш ќе нагласам, ќе бидам краток, но сакам да нагласам две прашања кои се врзани директно со текстот на Законот за Јавно обвинитеслтво во однос на членот 16 и 44.

Јас уште еднаш ќе нагласам дека имајки го предвид фактот дека со овој Закон на ниво на основно Јавно обвинителство се создава простор дека се основа два вида на обивнителства, мислам дека практичната примена на овој член, ќе предизвика на директен начин колизија на наделжности за што можеби во текот на овој парламентарен состав, сигурно дека ќе создадеме, или ќе предложиме измени и дополнувања на овој член.

Второ, тоа што е во врска со членот 44 во однос на создавање правен основ за да се отстрани таканаречената реална конкуренција, поради условот за кој поднесов одредени амандмани, како што е условот за искуство, за жал, се предвидува да биде или да се реализира само во обвинителствата. Овој услов според мене ја отстранува можноста новите правници или младите да можат да се пробијат во Јавното обвинителство и да ги кажат нивните способности како идни обвинители. Ова се две супстанцијални забелешки. Говорам лично за мене, затоа што јас во оваа насока со овие две забелешки или со предложениот текст, нормално дека не сум се согласил, иако како пратеник ќе гласам за Законот за Јавното обвинителство. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејки нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Ве потсетувам, дека согласно точка 1 од замандманот 30 на Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Ги повикувам сите пратеници, кои се во зградата на Собранието, а не се во салата, да повелат да пристапат во салата и да ги заземат своите места.

Ги повикувам службите да достават точен број на пратеници во салата.

Ги повикувам службите уште еднаш да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 82 пратеника, за гласаа 81, против 1, воздржани нема.

Господа пратеници, за прв пат во овој мандатен состав во Собранието се донесе Закон со двотретинско мнозинство. Јас ви честитам и констатирам дека Собранието го донесе Законот за Јавното обвинителство. Благодарам.

Давам прекин на седницата од 20 минути и со ваша дозвола закажувам координација во Охридската сала, со комплетен состав.

(Реакција од пратениците).

Да продолжиме во 15,00 часот, е разумен предлог.

Продолжуваме во 15,00 часот.

(Пауза од 13,20 часот)

По паузата седницата не продолжи.